## ЛОРДОТ РАСЕЛ ЏОНСОН ВО ПОСЕТА НА МСУ

# Уметноста дава друга слика за Македонија

*Логично е што лордот Расел Џонсон, претседател на парламентарното собрание на Советот на Европа, како проверен познавач и почитувач на уметноста, посака, во рамки на неколкудневната посета на Македонија, да го разгледа и Музејот на современата уметност.*

▲ **Дали уживавте во посетата на Музејот?**

▼ Да, секогаш уживам кога ги гледам работите што не сум ги видел порано.

▲ **Како што слушнавме, Вие сте голем познавач на уметноста. Имавте разговори со неколку македонски уметници, а штотуку ја разгледавте и изложбата од колекцијата на Музејот. Какви се Вашите впечатоци?**

▼ Открив дека луѓето со кои разговарав се отворени, но истовремено и обврзани. Тие не ги рефлектираат само своите сопствени чувства и размислувања, но исто така доловуваат и некои одрази на ситуацијата во која живеат. Гледам во пресекот на црната позадина начин што може да ја пренесе чувствителноста, чувството на разбирање, жалење, загриженост и претпоставувам дека тоа е, конечно, и една од првичните функции на уметникот - да се обиде да ги одрази не само неговите лични внатрешни мисли и емоции, туку и да покаже, на некој начин, каков е мигот низ кој минува општеството.

▲ **Можете да замислите колку е тешко да се биде уметник во земја што минува низ транзиција. Што мислите за значењето на уметноста во држави како нашата и во периоди како овој? Ова го прашувам поради се поприсутното тврдење дека Балканот на овој план е сосема неистражен простор?**

▼ Да, тоа е убав израз - неистражен простор. И тоа е сосема точно. Ако уметниците освен убавината, го прикажуваат, најчесто грдиот начин на живот, тоа е сепак истражување на границите и на начините за презентација, на искажување. Мислам дека доколку сите, па и политичарите, трошат помалку време на политика, а повеќе на уметност, веројатно би живееле во многу похармонично општество.

▲ **Сакате ли да се задржите поопширно на вашата забелешка искажана деновиве во македонскиот парламент, кога потенциравте дека човечкиот потенцијал и културното наследство е најголемото богатство на Македонија?**

▲ Па, така и е. Тоа е, како што рековте, неистражен простор. Немав можност многу да истражувам низ него, но кога ќе почнете да истражувате, ќе почнете да гледате, ќе почнете да откривате и знаете дека мора да има уште многу нешто друго зад веќе откриеното. И, како што реков, во парламентот, имиџот на Балканот за светот не е таков. Тоа е слика на луѓе што меѓусебно се убиваат, луѓе што се неверојатно и неискажливо сурови едни кон други. Тоа е нешто што вие мора да го отстраните и во тие напори, чинам, дека уметниците во Македонија мора да имаат централна улога.

**Ј. Ф.**

